ГОДИНА I
БРОЈ 1

# ВРАБОТУВАЊЕ news



**Блиц:**
Кое е првото работно место на успешните менаџери?

**Тема на број:**
Има ли кариера и по 40-тата?

**Лидери:**
Што има во CV-то на Обама?

**Превземено:** Интервју со “The headhunter“:
Вашето CV не е пресудно!

**ЕКСКЛУЗИВНО:**
ОГЛАСИ ЗА СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

# Содржина


Кои се Вработување.ком — СТР. 4



Можете ли да изградите кариера и откако ќе наполните 40? — стр. 6



Интервју со The headhunter — СТР. 8




Објаснувања на најчесто користените зборови во HR-комуникацијата — стр. 11



Што има во CV-то на Барак Обама? — СТР. 14



Како да одговорите на прашањето во врска со вашите маани? — стр. 18



Успешна приказна — СТР. 19



Со секси облека до поголема заработувачка! — стр. 21



Што не треба да пишувате во вашето CV — стр.23



Слободни работи позиции — стр. 26

# ВРАБОТУВАЊЕ news

Почитувани!

Тимот на Вработување ком, со гордост ви го претставува својот нов продукт,**on-line весникот "ВРАБОТУВАЊЕ news".** Прв и единствен HR on-line весник во Македонија кој бесплатно ке биде доставуван на е-маил адресите на сите наши клиенти,посетители на web-сајтот и корисници на нашите услуги. Овој неделник ќе ги содржи сите актуелни настани поврзани со вработувањето, кариерата и менаџментот на човечки ресурси. Дел од содржината на "ВРАБОТУВАЊЕ news" ќе бидат и **интервјуа со луѓе на високи позиции во Македонија, интересни факти за светски познатите бизнисмени, CV-ја на актуелни политички и бизнис лидери, профили на успешни македонски компании, совети, статистички податоци, колумна** и најважното од се´ ,во овој HR весник ке постојат актуелни огласи и **ексклузивни огласи** за вработување кој ке бидат објавени само овде а се однесуваат на високи позиции.

Бидејки "квалитетната информација живот значи", наша цел е да создадеме вистински HR информатор, весник кој ќе ги даде одговорите на сите ваши прашања поврзани со вработувањето и кариерата заштедувајќи ви време а во исто време давајќи ви и интересни податоци за светските бизниси.

Со надеж за бројна читателска публика, ве поздравуваме!

Редакција на "ВРАБОТУВАЊЕ news"



# Тим од млади динамични и иновативни луѓе



Вработување.Ком по дефиниција е лиценцирана агенција за посредување при вработување чија основна функција се состои во давање услуги за невработени-бесплатна регистрација и членство, и услуги за компании-професионална селекција на побарувани кадри
Но всушност оваа агенција е многу повеќе од тоа Тоа е тим од млади динамични и иновативни луѓе кои секогаш се подготвени да им излезат во пресред на оние кои бараат работа и оние кои нудат работа, трудејќи се секогаш да бидат професионални и да ги запазат дадените рокови. Пет и пол годишното искуство на ова поле ги прави вистински експерти во изнаоѓањето решенија за секоја проблематика од областа на човечките ресурси.
За ова зборуваат 2000 интервјуа направени во 2008 година и вработените 1200 кандидати што доволно кажува дека Вработување.Ком е сериозен учесник во намалувањето на стапката на невработеност во нашата земја.
Куриозитет на агенцијава е тоа што е основач на двете најпопуларни и најпосветени on line берзи на труд -македонската www vrabotuvanje com mk која функционира од 2004 со посетеност со повеќе од 1 050 000 луѓе во период од 4 и пол години, како и берзата на албански јазик www punesim com mk која функционира од октомври 2005 и до сега има преку 35 000 посети .

## Која е основната функција на www vrabotuvanje com mk?

Основната функција на Вработување берзата е објавувањe на слободните работни позиции а воедно и рекламирање на брендовите на компаниите. Со што тие ја зголемуваат својата општествена одговорност помаѓајќи им на невработените полесно да бараат и најдат вработување, и многу лесно и со малку трошоци да вработат квалитетни вработени Со ова се овозможува зашедување на енергија, време како и средства за огласување на слободни работни места во весниците а на тој начин компаниите не се преоптеретуваат со селектирање на пристигнати професионални биографии, насловни писма и тестирање на кандидатите, кое пак е задача на тимот на Вработување. ком .

Услугата на www vrabotuvanje.com.mk е исто така корисна и за сите посетители на web-страната кои имаат улога на работобаратели. Преку неа тие секојдневно се информираат за сите тековни огласи за вработување кои ги објавуваат клиенти на Вработување.Ком како и тековни огласи од дневниот печат, што може да им помогне во нивната потрага по соодветно работно место

## Визија

Нашата визија е да поставиме нови стандарди во процесот на вработување во Македонија и регионот, прераснувајќи во најдоверлива и најкористена Агенција за посредување при вработување и човечки ресурси.

## Мисија

Нашата мисија е да произведеме побрз, поефтин и ефикасен пакет на услуги за вработување, како и да влееме надеж кај невработените за наоѓање на работа. Нашето лого *е Вашето вработување е наша грижа и обврска.*

## Услуги

Вработување ком ги нуди следниве услуги за клиенти-компании:
Планирање на човечки ресурси
Анализа на работни места
Регрутација
Анализа на пазарот на труд
Професионално посредување при вработување
Процедура на Headhunting
Спецификација на работни места
Подготовка и поставување на огласи за вработување
Прибирање на Професионални биографии (CV-ја) и Насловни Писма
Предселекција на CV-ја
Телефонски скрининг
Проверка на референци
Реинженеринг на човечки ресурси
Тестирање и интервјуирање
Правни совети
Регистрација на странски вработени во Македонија
Регистрација на нововработени
Подготовка на опис на работни места
Огласувања на web сајтот
Обуки и советувања
Годишна перформанса и мотивација на вработени

## Дел од клиентите на Вработување Ком:

**Домашни компании:**

АМЦ Компјутери
Прилепска Пиварница
Генел – Овластен дистрибутер на Canon
CJ Компани – франшиза за Mc Donald`s во Македонија
Орка Спорт
Deco Home Center
Солопром
Вардар Осигурување
Зонел
Алма М
Тинекс Маркети
Штедилница Фулм



**Странски компании и преставништва во Македонија**

ТУШ Македонија
Control System – Integrated Technology Solutions
Kema Puconci – Словенија
Краш Комерц
Wrigley Representative office Macedonia

И овде не завршуваат. Тимот на Вработување продолжува и понатаму кон нови цели и нови успеси и секако нови вработувања!



# МОЖЕТЕ ЛИ ДА ИЗГРАД И ОТКАКО ЌЕ НАПОЛНИТ

## Вашето искуство е пресудно а не годините!



Колку пати до сега сте наишле на огласи за работа во кој постои ограничување на годините, а најчесто до 35? Сте се прашале ли дали воопшто ќе добиете шанса да ја продолжите својата кариера откако четвртина век сте го посветиле на една компанија?
Колку пати сте слушнале дека во последно време сé повеќе работодаватели не сакаат да вработуваат помлади лица кои немаат претходно работно искуство и бараат постари лица од 40 години?
Проблемот во ваквата дискриминација е што во некои случаи работодавателите имаат простор за аргументи ,посебно кога станува збор за постарата популација Но, сепак, ако работодавачот пред себе има работник во постари години, тоа не мора да значи дека би се појавувале проблеми од типот на: намалување на енергијата, здравствени проблеми, заостанати сваќања, изгубен чекор со технолошките новитети и слично Но, сепак не губете надеж, верувајте дека и по 40- ата постои можност да работите и да бидете и успешни и задоволни на своето ,,ново,, работно место.

Ако и вие сте дел од оваа генерација на работо-баратели, било да одлучите да останете на своите досегашни работни места или посакувате да ја промените вашата досегашна работна кариера, морате да бидете свесни дека работите ќе се изменат, и морате да бидете подготвени за промените

Промената на професијата на тие години предизвикува преземање на ризици и редефинирање на успехот како и промена на самата личност .
Морате да бидете подготвени да се соочите со различниот поглед на иднината и да сфатите дека работата е дел од животот, и дека тој нема да биде истиот како оној на кој сте навикнале . Со созревањето и стареењето, секој човек добива сé повеке одговорнсти и обврски на кои треба да смета и кои треба да ги земе во обзир. При менувањето на кариерата, основниот фактор не е само возраста туку нивото на вашите вештини обрзованието, тренинзите, семинарите, семејството и секако финансиите.

Токму затоа ќе морате добро да се ,,преслушате,, за вашето знаење и вештини или, пак, да си направите тест. Морате да бидете свесни за тоа кои се вашите квалитети и слабости и во која област. Ова ќе ви помогне и ќе ве насочи во кои области треба да барате работа или која би можела да биде вашата нова кариера

**Позитивно искуство:** *По професија сум правник Работев во државна институција 16 години во која изградив кариера од стручен соработник до раководител на сектор. Со текот на времето условите се променија, односно почувствував дека работата во таа институција не ми е предизвик ниту можност нешто повеќе да научам и да напредувам, напротив работата ми стана апсолутно некреативна, и одлучив да си заминам и да работам за себе нешто што ке ме исполнува Размислував дали тоа што имам над 50 години ми е пречка, меѓутоа разгледувајќи го сопственото ЦВ како и работното искуство, во различни области, сфатив дека напротив имам многу повеке шанси од секој помлад човек кој е со помало работно искуство- да започнам нешто ново. Најголем мотив ми беше слободата на работа, креативноста и желбата да работам за себе. Од причини што сум дипломиран правник, со големо работно искуство, работам консултантски деловни услуги со правни работи и работните односи Задоволна су од работата и сметам дека секој може да се пронајде себе си и да биде успешен и после 50- тата, само треба да се верува во себе, во сопственото знаење и искуство, и да се прифати предизвикот*

### Кандидирање за работа

Меѓутоа, кога барате работа
Дали сте навикнале на ист начин да напишете CV и насловно писмо кои не ја менуваат својата форма по неколку децении? Во тој случај, би требало да размислите и околу тоа како би звучел податокот дека пред „четири века"сте работеле во во некоја си компанија. Можеби не сте го ажурирале темелно

# ...ДИТЕ КАРИЕРА ...ТЕ 40?!

вашето CV туку само сте ги допишувале неколкуте последни работни должности? Во оваа пригода, треба да бидете малку тактични. При пишувањето на CV-то бидете умерени, нема потреба да напишете сé што се случило во вашиот работен век Поголем број од работите и онака многу се смениле од тогаш и не прави многу разлика што и како тоа се работело пред 25 години. Во мотивациското писмо, своите години на искуство можете да ги искористите како доказ на умешност, способност и мудрост во работата за која сте се пријавиле. Здраственото прашање можеби не треба да се избегне за ваша безбедност како што и не е неопходно ни детално да се истакне.



Друг погрешен пристап е “премногу да се адаптирате за работното место“ и притоа да испадне дека вие сте сé она што го посакува работодавецот (што никогсш не се случува). Во тоа претставување, вие знаете и сакате СЕ за да ја добиете работата Но вие ниту знаете сé, како што и никој не знае, ниту пак сте во можност сé да работите – некои ситуации, сепак, треба да ги препуштите на помладите. Но, можете да пронајдете златна средина и да се претставите онакви кави што сте. Треба да ја истакнете предноста на искуството и можноста за донесување на некои одлуки кои бараат одлично познавање на материјата. Исто така, вашето слободно време дијаметрално се разликува од слободното време на човек од 30 години, што вам можеби ви дава предност во смисла дека во некои ситуации сте подостапни

Нагласете ги постигнувањата, а не годините на искуство Иако годините се услов како би стекнале искуство, тие не гарантираат дека тоа задолжително ќе се случи, можеби долго сте работеле, ама за тоа време не сте напредувале нешто посебно во работата, не сте стекнале натпросечно знаење или добри работни навики . Поради тоа, истакнете колку знаете, а не колку долго сте работеле. Но, ни тука не треба да се претерува, за да не се случи да бидете преквалификувани Сé она што не е директно поврзано со работата која треба да ја обавувате, а што сметате дека вас би можело да ве стави во оваа категорија, пробајте малку да го ублажите. Целта е да оставите впечаток на некој кој е способен, ама не и на некој кој би работел по секоја цена.

## Останете во чекор со времето

Таму каде што најмногу би можеле да го загрозите своето кандидирање и самата потенцијална кариера, е можноста дека вашето знаење застанало во времето во кое сте работеле. Работењето се менува, пазарот се менува, вашите колеги и шефови се менуваат, а и технологијата цело време напредува. Во таа смисла, апсолутно е неопходно да бидете во чекор со времето и да владеете со знаењето кое денес се бара, и да усвојувате нови начини на работа и размислување на работното место Иако тоа делува како задача која многу бара, пробајте во времето додека барате работа, да посетувате разни курсеви и обуки. Овој начин на усовршување, вам може да ви одговара затоа што на овој начин останувате во чекор со младите, а во исто време уживате во обврските и со самото учење Затоа никогаш не е доцна и не треба да ви биде непријатно, ако се најдете на обука со доста помлади колеги од себе.

Уште повеќе, треба да биде предмет на почитување тоа кога луѓето кои веќе позади себе имаат години и години работно искуство, одлучуваат и понатаму да работат на себе и да се усовршуваат На тој начин, вие ќе бидете пример на помладите генерации како се работи и се шири позитивната филозофија на усовршување низ целиот живот.



# ИНТЕРВЈУ СО THE I

## Да јадеш или да бидеш изеден, ако промашиш “мртов си“!

*Ова е преземено интервју од еден од најуспешните хеадхантери кој има и свој on-line и телевизиски магазин во кој ги нуди сите совети поврзани со хеадхаунтингот и со тоа како да го претворите своето следно интервју во вистински погодок*



Кога почнал со хеадхаунтинг бизнисот пред околу 20 години, Ник Коркодилос имал чувство да препознае талент, но не секогаш успевал да го “улови пленот“. Затоа, колку и да бил сигурен дека го има вистинскиот човек за одредената работна позиција, се случувало другата страна да потклекне и на крајот целата ситуција да заврши со тотален неуспех . Но, денес после толку направени интервјуа, анализи, учења истражувања и искуства, Ник Коркодилос може да се нарече вистински хеадхунтер.

Еве ги советите коишто се корисни за секој кој планира да“ улови“ добра работна позиција.

### Вашето CV-не е пресудно



Хедхантерите знаат дека CV-то многу ретко ќе ве вработи CV-то не може да ве одбрани или да одговара наместо вас. Сѐ што може да напрви вашето CV е да го покаже вашето минато, кое патем е ирелевантно затоа што не покажува дека вие знаете да ја завршите работата која работодавецот планира да ви ја даде.

CV-то му дава до знаење на работодавачот како вие ја вреднувате нивната фирма. Но, тоа не е начин да се продадете

Повикувајќи се на старото маркетиншко правило, дека бесплатните производи на презентациите секогш им даваат причина на купувачите да сакаат уште, Коркодилос предлага да го направите истото со вашето CV. Да им кажете на потенцијалните работодаватели пример за тоа што можете вие да направите за нив

Создадете нов момент во вашето CV , сменете го стандардното и додадете “Што можам да сторам за Вас“. Во две три реченици напишете што е тоа што вие можете да го направите токму за нивната компанија. Најверојатно ќе треба да пишувате одделно CV за секоја од компаниите каде што ќе го понудите своето CV.

Доколку во овој нов момент “Што можам да направам за вас“ги вклучите нештата кој му се потребни на работодавачот, во тој случај вашето CV станува маркетиншка алатка која ве разликува вас како некој кој сака да му помогне на работодавачот за разлика од некој кој само сака да добие работа.

### Вистинскиот мечмејкинг се случува пред интервјуто

Хедхантерите никогаш не праќаат кандидати на интевју доколку тие не се точно квалификувани за работната позиција. Доколку вие самите сте си хедхантер, тогаш би требало и вие да го правите истото што го прави професионалецот. Но, нема да одиграте добро доколку однапред не ги знаете параметрите на работната позиција каде што ќе одите на интервју. А, тоа ве обврзува да правите многу истражувања

Најдобриот начин да дознаете за една компанија е да зборувате со луѓето кои работат таму. Кентон Греен колумнист кој пишува колуми на веб- страната Ask The Headhunter, ја искористил оваа техника веднаш по дипломирањето на електронски и оптички инжењеринг, трагајќи по компанија која ќе го вработи: Најдов една статија напишана од некој кој е од мојата професија којшто работи во една од компаниите за кои бев заинтересиран Потоа, го најдов неговиот број и му се јавив.Во текот на разговорот, продолжува Греен, му ги кажав моите професионални карактеристики и разговарав за тоа какви профили на луѓе ѝ требаат на компанијата.Ова го практикував секогаш кога сакав да се кандидирам за одредена работна позиција. И вообичаено, се случуваа две нешта: Или одев на интервју, или дознавав дека тие и не се баш така добра компанија за мене, и така не губев време во праќање CV во нивниот HR оддел и чекање на одговор.

Многу често ќе сфатите дека компанијата што ја “пикирате” и вашите очекувања за посакуваната работна позиција не се совпаѓаат т.е не сте компатибилни со компанијата. А, доброто нешто во целата работа, е тоа што ако веќе сте ја нашле “вистинската“ компанија,




тогаш на интервјуто ќе влезете со решеност дека вие сте одлучиле да работите во таа компанија и бидете комплетно подготвени за интервјуто

## Немојте да учите за интервјуто –вежбајте за извршување на обврските за работната позиција

Кога еднаш ќе ја истражите компанијат, ги знете нејзините предизвици, нејзините цели како и нејзината култура и нејзинте конкуренти. Следниот чекор е да вежбате да ја работите работата. Подгответе се себе си, советува Корcodилиос за неколку работни предизвици Покажете дека ја разбирате работата : прашајте кој проблем планира работодавачот да го реши со тоа што ќе ве вработи вас. Осигурајте се која е целта на работодавачот: Поголема продажба? Поголем профит? Ваша задача е да покажете како можете да и помогнете на компанијата да ја постигне зацртаната цел.

Покажете им дека можете да ја завршите работата Бидете подготвени да ги нагласите чекорите кои ќе ги преземете за да го решите проблемот на работодавачот и да ја достигнете неговата посакувана цел .Покажете му на менаџерот како работите и како мислите.

Покажете им како компанијата ќе профитира доколу ве вработи токму вас. Бидете подготвени да ги намамите со прашањето на профитабилноста. Кој е ВАШИОТ начин на работење на оваа работна позиција, како ќе ги намалите трошоците и давачките? Многу добро е ако спомените одредена бројка на пр 25 %. Бројот не мора да биде точен, но мора да најдете интелигентен начин истиот да го одбраните.

Доколку размислувате на ваков начин, пред себе си зададете си работни задачи за интервјуто, во тој случај интервјуто ќе ве однесе токму таму –на работното место за кое се кандидирате, заклучува Коркодилос. И многу важно, ваквиот пристап кон интервјуто ќе ви гарантира (обезбеди) поддршка од работодавачот

## Шокантна вистина! Работодавачот сака да ве вработи токму вас!

Компаниите прават интервјуа со цел да го вработат најдобриот кандидат за бараната позиција Работодавачот ке биде презадоволен доколку излезе дека таа личност сте токму вие! Затоа што во тој случај тие ќе можат да престанат со интервјуата и ќе се вратат на работа.

Затоа, прилагодете си го ставот кога одите на интервјуто Ако се убедите себе си дека работодавачот сака да ве вработи токму вас тогаш ќе имате позитивен став кога ќе влезете на интервјуто. И кој знае, можеби токму тој позитивен однос ќе влијае на работодавачот да ве вработи токму вас

## Не е интервју – тоа е вашиот прв ден на работа

Поголем број од луѓето, интервјуто го сметаат као еден вид испрашување.Работодавачот поставува прашања, а кандидатот одговара. Целта на хедхантерите е да излезат од ова клише

Мислете на интервјуто како ваш прв ден на работа, вели Коркодилос, вашето однесување треба да биде како на веќе вработен кој претствува некој нов проект, а што е многу олеснително во однос на кандидат кој се надева



дека ке ја добие работата. Кандидатите кој мислат за себе како за вработени, успеваат да ја преземат моќта во свои раце. Затоа што тие доаѓаат како луѓе кои се разбираат во работата и кои се подготвени да ја завршат истата Што значи, сесијата на прашањата и одговори се претворила во еден интересен состанок помеѓу двајца луѓе кои решиле да направат едно ново видување на нивната работа

## За да ја добиете понудата- завршете ја работата

Како ја завршувате работата во текот на интервјуто? Гледајќи на тоа како Коркодилос го посоветувал Загорски, кој е сега менаџер за развој во AT&T Wireless, во време кога Загорски бил пред вратата на AT&T, заменик претседателот кој ги водел интервјуата му кажал дека интервјуто не смее да трае подолго од 20 минути.

Загорски за време на итервјуто, излегол пред таблата и на неа ги напишал сите предизвици со кои може да се соочи компанијата, како и чекорите кои треба да ги направат за да го зголемат профитот. По петнаесет минути, откако Загорски образложил сѐ што ќе направи -погледал во својот "испрашувач".

На човекот му падна вилицата! - вели Коркодилос .Му кажал на Загорски дека после ова нема потреба од правење на какво било интервју, напротив човекот кој требало да биде испрашувач ги викнал останатите членови на тимот и целиот состанок траел цели два часа, така што биле избегнати сите стандардни клишеа. Излагањето на Загорски го сменил целиот тек на интервјуто

## На крајот The headhunter Заклучува

Запамтете! Кога ќе ја добиете понудата за работа, во тој случај односите помеѓу вас и работодавачот комплето се менуваат, сега вие сте тој што го прави интервјуто, а менаџерот што ве вработува е кандидатот Сега моќта е во ваши раце, вие сте тие што ке одлучите дали и под какви услови сакате да бидете вработи во таа компанија!

**РЕСУРС** – суровина која се употребува во текот на производството

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРС** – неопходна суровина во процесот на производство која располага со одредени квалитети: знаење, иноваторски потенцијал, интелектуален и физички капацитет  Задачи на човечките ресурси се : да ги креираат производите и услугите кои го контролираат квалитетот, да ги пласираат производите да управуваат со процесот на произведување и финансирање и да ја утврдуваат стратегијата и целите на компанијата   Без овој ресурс секоја работа би била невозможна

**МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** – управување со човечки ресурси

**HEADHUNTING** – ловење на таленти, односно барање на вистински кандидати за одредени високи работни позиции

**HEADHUNTER** – човек или тим на луѓе којшто ловат  таленти односно личност или тим кој е доволно способен да “намириса“ вистински кандидат за одредена висока работна позиција

**MATCHMAKING** – усогласување на побарувањата од едната со другата страна   Na pr   профилот на кандитатот за вработување да одговара на профилот на работната позиција



# НАЈМНОГУ НЕВРАБОТЕНИ ОД 26-30 ГОДИНИ

Спред статистиката која ја направи тимот на вработување а потекнува од базата на Вработување.ком ,најголемиот број од работобарателите се на возраст од 26-30 години,а интересен е податокот дека многу мал процентот на работобаратели се  од36 до 40



# МОЕТО ПРВО РАБО

## Сите успешни луге почнале скромно

Луѓето кои денеска ги гледаме на високи позиции или пак оние кои имаат сопствени компании од секогаш не се наоѓале на овие работни позиции . И тие почнале од некаде и од нешто за да стигнат до таму каде што се денес. Почнале со солидна плата од 100 евра која им била доволна за преживување А од првата плата ги почастиле другарите...
Во секој случај сите носат позитивни искуства и со гордост зборуват за Своето прво работно место



### Јернеј Мурн
**Директор Туш д о о е л Скопје**

Кариерата ја почнав како продавач на компјутери во специјализиран дуќан за компјутери или сега популарно-продажен салон за IT опрема.
Надоместокот не беше така мал па можев да си дозволам сам да живеам – односно да плакам кирија на гарсоњера + основни трошоци = доволно за почеток А мојата прва плата ја потрошив на компјутер: продавав компјутери па и логично беше прво да си купам компјутер. Нели?
И што да кажам за моето прво работно искуството : Слатко е кога имаш сопствени пари, тешко зошто ја губиш слободата мислам на тоа дека си обврзан да одиш на работа и не си слободен да си го планираш денот како сакаш , но сепак знаеш дека треба да започнеш. Но најбитно од се е тоа што научив многу за контактите со луѓето и за некои продажни техники кои и ден ден ми се од голема корист



### Александар Манојловски
**Генералален Менаџер и косопственик во ZIP Travel**

Првото работно место, како и кај секој друг "инвентивен" студент, ми беше во Кафе бар на позиција помошник бармен.Поради демонстрирани "изворедно залагање и резултати", веќе по два месеци ме унапредија во бармен. Тогаш се насетуваше почетокот на една успешна кариера
Гледано од финансиски аспект, работата не беше воопшто лоша Не дека од тоа некој може да се обезбеди за цел живот, но беше доволно да ги задоволи потребите кои ги наметнуваа бурните студентски денови, а богами и ноќи.
А парите од првата плата? Е нив ги потрошив на истото место каде и ги заработив. И ден денеска мислам дека тоа беа едни од најдобро "вложените" средства за добро друштво и одлична забава.Сега кога гледам од ова дистанца
спордбено со тоа што го го работам во моментов, можеби изгледа малку несериозно, но искуствата во делот на организирање, превземање одговорност и развивање на комуникациски способности, беа многу корисни и сеуште се "наоѓаат при рака"

**Владимир Јаневски**
**Генерален менаџер за Mc Donald`s  во Македонија**



За мое прво работно место го сметам работното место во Mc Donald`s на позиција работник на обука . На таа позиција започнав далечната 1997 година, месец Септември со првото отварање на Mc Donald`s во Македонија.
Неколку години подоцна станав и раководител на тој ресторан Една деценија подоцна и генерален менаџер за Mc Donald`s во Македонија.
Што се однесува до мојата прва плата таа изнесуваше  точно 6 100,00 денари + надомест за превоз + обезбедена храна во самиот ресторан. А веднаш откако ја примив првата плата, како и секој млад човек во тоа време парите ги потрошив на забава и дружење. Не купив ништо што би ми останало во спомен на моето прво официјално работно место, сепак и платата не беше толку голема за такво нешто. Но какои да е, неизмерно го ценев и се уште го ценам искуството и тренингот што го стекнав низ самата работа  Впрочем и да се дојде до одредена висока позиција во Mc Donald`s неопходно е да се пројдат сите фази на развој внатре во системот на Mc Donald`s. Конкретен пример за тоа сум јас

**Петар Лазаров**
**Managing Partner (Ко-сопственик)**
**KP Macedonia-Export**



Моето прво работно место беше Асистент на Account Manager-от за Кока-Кола во маркетинг агенцијата McCann-Erickson Скопје.
Што се однесува за надоместокот можам да кажам дека како за почетник, платата беше солидна, со правта плата ги однесов моите на ручек.  А кога сега ке се вратам на моите почетоци  среќен сум што имав можност веднаш по завршување на факултетот да се вработам на тоа место и да учам директно од еден од најдобрите брендови и компании во Светот. Тоа искуство и знаење стекнато работејќи за Кока-Кола создаде одлична основа за мој личен и професионален понатамошен развој



# КАКО ИЗГЛЕДА CV НА ГОЛЕМИТЕ ЛИДЕРИ

# CURRICULUM VITAE

## Personal information

| | |
|---|---|
| Birth name | **BARAC HUSEIN OBAMA JR** |
| Born | **AUGUST 4,1961 (AGE 47)HONOLULU,HAWAII,U S A** (1961-08-04) |
| Residence | **KENWOOD,CHICAGO,ILILINOIS(PRIVATE)**<br>**WASHINGTON D C (OFFICIAL) USA American** |
| Nationality | **American** |
| Religion | **Christian** (Most recent denomination United Chirch of Christ) |
| Merige status | **Merried** |
| Signature |  |

## Work experience

| | |
|---|---|
| • Dates | **1983-1984** |
| * Name and address of employer | **the "Business International Money Report "** |
| • Main activities and responsibilities | **Writer/Researcher for Business International Corporation Helped companies understand overseas markets in the "Financing Foreign Operations"** |
| • Dates | **1984-1985** |
| * Name and address of employer | **New York Public Interest Research Group (PIRG)** |
| • Main activities and responsibilities | **Community Organizer** |
| • Dates | **1985-1988** |
| * Name and address of employer | **Developing Communities Project (DCP )** |
| • Type of business or sector | **Church-based community organization originally comprising eight Catholic parishes in Greater Roseland on Chicago's South Side** |
| • Main activities and responsibilities | **Director** |
| • Dates | **1992** |
| * Name and address of employer | **Chicago's Project Vote** |
| • Main activities and responsibilities | **Leader** |
| • Dates | **1993-2004** |
| * Name and address of employer | **Constitutional Law at the University of Chicago Law School** |
| • Type of business or sector | **Univesity** |
| • Main activities and responsibilities | **Visiting Law and Government Fellow then Senior Lecturer** |
| • Dates | **1993-2002** |
| * Name and address of employer | **Davis, Miner, Barnhill & Galland** |
| • Main activities and responsibilities | **Associate attorney** |



| | |
|---|---|
| • Dates | **1996-2004** |
| * Name and address of employer | **Illinois Senate S** |
| • Main activities and responsibilities | **Chairman, Health and Human Services Committee** |
| • Dates | 2004-present Sworn in 1/4/2005 |
| * Name and address of employer | United States Senate “ |
| • Main activities and responsibilities | Member |
| • Dates | January 20 2009 |
| * Name and address of employer | White House WASHINGTON D C (OFFICIAL) USA American |
| • Main activities and responsibilities | President |
| • Primary activities and responsibilitiesi | Leading the  USA |

## Education and Training

| | |
|---|---|
| • Dates | **1981 -1983** |
| | **Occidental College, Los Angeles, CA**<br>**Undergraduate,** |
| • Name and type of institution | **Columbia University**<br>**B A  Political Science with specialization in international relations**<br>**Thesis topic: Soviet nuclear disarmament** |
| • Dates | **1988-1991** |
| • Name and type of institution | **Harvard Law School**<br>**J D  *magna cum laude*** |

## Politic experience

| | |
|---|---|
| • Dates | Since july **2004** |
| | Member of Democratic National convention |

## Personal skills and competences

| | |
|---|---|
| MOTHER LAGUAGE | **ENGLISH** |



Која е работната позиција што би сакале да ја напишете во своето CV? Замислете си дека можете да напишете функција која од секогаш сте ја посакувале или, пак, обука која само вие сте ја посетиле? А како изгледаат CV- јата на големите лидери?

Овој лидер во своето CV од јануари оваа година го внесе и работното место “Претседател на Соединетите Американски Држави“

Закоравениот навивач на Chicago white sox 1,87 високиот The One , човекот чија инаугурација беше најгледаната во историјата на Америка, сопругот чијашто жена го наговорила да се откаже од пушењето за да ја добие номинацијата за претседател, страственио играч на баскет и од хоби, играчот на покер, внукот за чија баба плачеше половина од светот кога почина на 2 ноември 2008 Неверојатниот харизматичен говорник , еден од 27- мината досегашни адвокати претседатели , поседува не така помпезно CV во кое ќе прочитате дека не зборува ниту еден странски јазик Во што е неговата успешност?

...Од 1992 сè до неговиот избор во Сенатот на САД во 2004 година, Обама бил професор на Правниот факултет во Чикаго. Од 1992 до 1996 бил Предавач, а Сениор Предавач од 1996 до 2004г , за кои време држел 3 предмети годишно Титулата Сениор Предавач е различна од титулата Предавач која значи повисок статус Сениор Предавачите се сметаат како дел од факултетот и се во ист ранг како и Униерзитетските професори и покрај фактот што не се фул тајм професори. Како и Обама, повеќето од Сениор Предавачите имаат забележителни политички или јавни функции, што доколку би биле фул тајм професори не би успеал. Неколку пати во текот на неговота 12 годишна карера како професор , Обама бил повикан да стане фул тајм професор, односно академски професор, но тој одбил...

# КАКО ДА ОДГОВОРИТЕ НА ПРАШАЊЕТО ВО ВРСКА СО ВАШИТЕ МАНИ?

## Не трудете се да се направите "безгрешни"!





